РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 16. 02. 2026
| Орг. Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 28 | | |

( Образец ПП……)
До Општина Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Во 2025 година, на кој начин Советот при Вашата општина редовно ги информираше граѓаните за својата работа? Ве молиме наведете ги **сите користени комуникациски канали**. Исто така, во прилог на одговорот дадете линкови од објавите, фотокопии од објавите за информирање на граѓаните и слично.

2. Дали Советот при Вашата општина усвои Програма за работа на Советот за 2026 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете линк каде што истата е јавно објавена.
   - Ако не, Ве молиме наведете ги причините за неусвојување истата.

3. Поврзано со јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки кои Вашата општина ги има спроведено во 2025 година, Ве молиме наведете:
   - Број на физички јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Број на онлајн јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Име на онлајн алатки кои се користени при онлајн јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Теми на јавните консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесувањето на одлуки.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго---------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил** [redacted] молуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго---------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател [redacted] .

(Правна поука: Барателот не е долу [redacted] де и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во [redacted] Датум 13.02.2026 година

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за правно нормативни работи

Бр.11-28/2
16.02.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-28/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

Примил:
16.02.2026

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**

Одделение за правно - нормативни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 17. 02. 2026

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 28/3 | | |


Бр.10-сл./1
17.02.2026 год.
Б и т о л а

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Марија Атанасовска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-28/2 од 16.02.2026 година**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање, Бр.11-28/2 а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-28/1 од 16.02.2026год., од Р[redacted] [redacted] за добивање информации поврзани со работата на Советот на Општина Битола, Ве известуваме дека согласно барањет[redacted]

**<u>1.Во 2025 година, граѓаните за работата на Советот беа информирани:</u>**

- со објави на страната на Општина Битола https://www.bitola.gov.mk/ во делот Општински органи – Совет на Општина Битола,
- со директен пренос на седниците на Советот на Општина Битола на YOUTUBE каналот на Општина Битола, и
- со снимање на седниците на работните тела – комисии на Советот на Општина Битола, кои подоцна се објавуваат на YOUTUBE каналот на Општина Битола.

**<u>2.Советот на Општина Битола на 4-тата седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе:</u>**

- Програма за работа на Советот на Општината Битола за 2026 година, бр.09-137/88 од 29.12.2025 год., објавена во „Сл.Гласник на Општина Битола“бр.19/2025.

Службениот Гласник со објавената Програма за работата за Советот на Општина Битола за 2026 година, може да ја најдете на страната на Општина Битола https://www.bitola.gov.mk/ во делот Општински органи – Совет на Општина Битола, дел Совет – Службени гласници каде се наведени сите службени гласници хронолошки по години.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-28/4
27.01.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **13.02.2026 година**, иммателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-28** од **17.02.2025 година**, каде бара информации за програма за работа на Советот 2026 година,јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на општината спроведено во 2025 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-28на ден 17.02.2026 година. Во барањето наведе дека бара за програма за работа на Советот 2026 година,јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на општината спроведено во 2025 година.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-28/1 од 13.02.2026 год.
2.Допис до одделение за правно-нормнативни работи со бр. 11-28/2 од 16.02.2026 год.
3 Одговор од одделение за правно-нормативни работи  со бр.11-28/3 од 17.02.2026год.
**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 17.02.2026 година, под бр. 11-28/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**
---------------------------------